# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**11.12.2020 год.** **Бр.XVI**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014; 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на 60-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 10.12.2020 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 60-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 10.12.2020 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-1283/1 од 11.12.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

**З А П И С Н И К**
**од 59-та седница на Советот на Општина Крушево**
**одржана на ден 11.11.2020 година**

Седницата се одржа согласно одредбите од Уредбата со законска сила за примена на Законот за локалната самоуправа за време на вонредна состојба, објавена во Службен весник на Република Северна Македонија бр.84/2020, 95/2020 и 169/2020, со почеток во 11 часот и 11 минути. Седницата се одржа со употреба на интернет комуникација. Гласањето на седницата се одвиваше по пат на поименично произнесување на секој од членовите на Советот кои беа најевени на седница. Овој записник ќе се објави на веб-страната на Општина Крушево.

На седницата најевени беа: Претседателот на Советот Тома Петроски и членовите на Советот на Општина Крушево: Перо Котески, Евгенија Петроска, Евгенија Јуца, Абуш Изеироски, Еран Мемедоски, Садат Имероски, Киро Сотироски, Александар Стојчески и Александра Мијајлевска-Стефановска.

*Гости:*

Мина Миленкоска-раководител на одделението за правни, општи работи и јавни дејности, Милка Најденоска Цветковска-одделение за финансиски прашања и оформувач на записник Кире Николоски.

Овој записник да послужи при исплата на надместок за присуство на членовите на Советот на Општина Крушево.

Прет.на Совет: Ја отвори 59-та седница на Советот на Општина Крушево и констатира дека од вкупно 11 (единаесет) членови на Советот на Општина Крушево присутни се 10 (десет), па според тоа Советот на Општина Крушево може полноважно да одлучува на својата 59-та седница.

Прет.на Совет, отвори расправа по записникот од 58-та седница на Советот на Општина Крушево, но бидејќи никој не се пријави за збор ја заклучи расправата и записникот од 58-та седница на Советот на Општина Крушев го стави на гласање.

Изјаснувањето на членовите на Советот на Општина Крушево беше поединечно.

**Констатира дека записникот од 58-та седница одржана на 26.10.2020 година од Советот на Општина Крушево е усвоен со 10 гласови „за‘.**

За 59-та седница на Советот на Општина Крушево го предложи следниот:

Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Предлог-Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Крушево за 2020 година-втор ребаланс;

Прет.на Совет, отвори расправа по предлог дневниот ред за 59-та седница на Советот на Општина Крушево, но бидејќи никој не се пријави за дискусија истата ја затвори и предлог-дневниот ред го стави на галсање.

Изјаснувањето на членовите на Советот на Општина Крушево беше поединечно.

**Констатира дека дневниот ред за 59-та седница на Советот на Општина Крушево е усвоен со 10 гласови "за".**

**1. Предлог-Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Крушево за 2020 година-втор ребаланс;**

Прет.на Совет, отвори расправа по првата точка од дневниот ред.

Милка Н.Цветковска, даде детално образложение за измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Крушево за 2020 година-втор ребаланс и помеѓу другото се задржана следното:

-изградба на водовод во с.Јакреново, одобрени финансиски средства од Министерството за животна средина и просторно планирање на износ од 1.160.000,00 денари;

-зголемување на блок дотациите за основно и средно образование;

-намалување на блок дотацијата за 15.000,00 денари на ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево;

-донација од 62.000,00 денари од Халк Банка за изградба на мост во појасот на Крушевското Езеро;

-180.000,00 денари од УНДП;

-2.700.000,00 денери од Обединети нации, за проектот Зајакнување на општинските капацитети на Општините.

-вкупен буџет 204.792.000,00 денари;

-напомена дека во делот на блок дотациите измените и дополнувањата се направени во согласност со потребите на единките корисници, односно по нивни барања.

Киро Сотироски, истакна дека образложениетo било добро, се вршело пренамена на приходите. Предложи во иднина да влезе во писменото образложение и билансот на расходите. Праша: дали во општината се земаат дневници за патување во земјата и во странство? Средства за хотелско сместување и сл. Праша: Дали и колку се реализирани овие средства?

Милка Н.Ц, одговори дека дневници за патување во земјата не се исплаќаат. Што се однесувало за патување во странство исплатени биле патни и дневни трошоци за патување на саемите за туризам во Република Србија-Белград и Република Бугарија-Софија. За градоначалникот биле исплатени 38.000,00 денари и 122.000,00 денари за администрацијата.

Киро Сотироски, во делот комуналните услуги поточно делот за горива и масла, праша: За што и колку се потрошени средства?

Милка Н.Ц, тука биле прикажани набавките за горива и нафта, а искористени биле 264.097,00 денари од ставката на администрација и за пожарникарите износ од 147.000,00 денари.

Киро Сотироски, праша: за што се поторшени средствата за прехрамбени продукти и пијалоци?

Милка Н.Ц, ставка 423 410-средствата биле поторшени за набавка на продукти за социјално загрозени семејства-семејства од ризик. И во тој дел имало зголемување на средставата во Буџетот на Општина Крушево.

Киро Сотироски, праша: Зошто имало зголемување во делот на тековно одржување?

Милка Н.Ц, одговори дека се работело за средства од Јавното Претпријатие за Државни патишта за реконструкција и одржување на патишта.

Киро Сотироски, праша: За што се средствата во делот на софтвер и опрема?

Милка Н.Ц, одговори дека тука се средства предвидени за програмата за изработка на буџетската апликација.

Киро Сотироски, праша: Зошто во делот на договорните услуги имало зголемување на средствата?

Милка Н.Ц, посочи дека тие средства биле планирани за одржување на културни-музички манифестации и спортски натпревари. А средствата биле исплаќани со договори преку авторска агенција.

Киро Сотороски, праша: Дали имало реализација во делот на рушење на бесправно изградени објекти?

Милка Н.Ц, одговори дека немало рушење на објекти оваа година.

Киро Сотироски, праша: За што се предвидните и потрошени средства во делот на канцелариски услуги?

Милка Н.Ц, во тој дел биле предвидени средства за набавка на весници и семинарски материјали.

Киро Сотироски, праша: Дали се планирала исплата на средства за изработка на просторни и урабанисти планови?

Милка Н.Ц, одговори дека имало предвидено исплата, а се однесувала на изработка на урбанистички планови за дел од населените места во Општина Крушево.

Киро Сотироски, ставка 427- привремени варaботувања. Праша: За колку лица се исплаќаат средства?

Милка Н.Ц, биле ангажирани 5 лица преку агенција за привремени вработувања.

Киро Сотироски, праша: Кои биле разни трансфери?

Милка Н.Ц, одговори дека тие средства не биле искористени и затоа биле префрелни на други ставка.

Киро Сотироски, праша: Кои биле социјални надоместоци?

Милка Н.Ц, одговори дека тоа биле средства од програмата Градоначалник за еднократка парична помош и биле искористени 70.000,00 денари.

Киро Сотироски, праша: Кои се капиталните расходи?

Милка Н.Ц, тука биле прикажани, изргадбата на водоводи, патот до Крушевското Езеро и улиците во Крушево со средства од ЈП за Државни патишта.

Киро Сотироски, праша: Дали задолжувањата редовно се исплаќаат?

Милка Н.Ц, одговори дека да редовно се сервисираат.

Прет.на Совет, бидејќи никој друг не се пријави за збор ја заклучи расправата и предлог-измената и дополнувањето на Буџетот на Општина Крушево за 2020 година-втор ребаланс ја стави на гласање.

Гласањето го спроведе поединечно. Членовите на Советот на Општина Крушево: Тома Петроски, Перо Котески, Евгенија Петроска, Евгенија Јуца, Абуш Изеироски, Еран Мемедоски, Садат Имероски гласаа „за“, а членовите на Советот на Општина Крушево: Киро Сотироски, Алекасндар Стојчески и Александра Мијајлеска Стефановска гласаа воздржани.

**Констатира дека предлог-измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Крушево за 2020 година-втор ребаланс е усвоен со 7 гласови „за“ и 3 воздржани.**

Седницата заврши во 12 часот и 14 минути.

Напомена: ***Во неможност седниците тонски да се снимаат изводите од дискусиите се слободно парафразирани од оформувачот на Записникот, затоа истиот се оградува од евентуални недоследности.***

**Бр.08-1158/2 од 11.11.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 60-та седница, одржана на 10.12.2020 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 59-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 11.11.2020 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-1239/3 од 10.12.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 49 и 50 од Статутот на општина Крушево („Службен гласник на општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/20), Советот на општина Крушево на седницата одржана на ден 10.12.2020 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за кофинансирање на проектот “Подобрување на системот за заштита на животната средина во Пелагонискиот регион преку јакнење на институционалните капацитети за комунални услуги и заштита и безбедност на граѓаните, нивните материјални добра и природното и културно богатство “**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност Општина Крушево да учествува со кофинансирање на проектот **“Подобрување на системот за заштита на животната средина во Пелагонискиот регион преку јакнење на институционалните капацитети за комунални услуги и заштита и безбедност на граѓаните, нивните материјални добра и природното и културно богатство “ во износ до 500.000,00 денари.**

**Член 2**

Општина Крушево за реализација на проектот ќе кофинансира финансиски средства во максимален износ до 500.000,00 денари, а средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општината за 2021 година.

**Член 3**

Проектот преку Центарот за развој на Пелагониски плански регион се поднесува до Бирото за Регионален развој за користење на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони од Програмата за Рамномерен регионален развој за 2021 година.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот објавувањето во „Службен гласник на Општина Крушево".

**Бр.08-1239/4 од 10.12.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 46 став 1 алинеја 2, став 2 алинеја 2 од истиот член од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 30 став 1 алинеја 2 и став 2 алинеја 2 од истиот член од Статутот на Општина Крушево ("Сл.глесник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата оджана на 10.12.2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за констатирање престанок на мандатот на член на**
**Советот на Општина Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се констатира престанок на мандатот на членот на Советот на Општина Крушево, Агапи Чункоска од Крушево, член на Советот од листата на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, поради смрт.

**Член 2**

Мандатот на член на Советот му престанува од денот на исполнување на условот, т.е. сметано од 08.11.2020 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1239/5 од 10.12.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 64 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 44 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственот и со стварите во општинска сопстевност („Сл.весник на Р.М." бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Сл.весник на Република Северна Македонија" бр.101/19 и 275/19) и член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 10.12.2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**
***за давање на трајно користење на движни ствари на ЈП „Комуна" Крушево***

**Член 1**

Со оваа Одлука се даваат движни ставари во сопственост на Општина Крушево на трајно користење без надомест на ЈП Комуна" Крушево и тоа: возило за прибирање, собирање и транспорт на отпад, марка HYUNDAI HD 35 Garbage Truck, бр.шас.KMFGA17HDB0000646, бр.на мотор D4GAA058390, бела боја, во исправна состојба.

**Член 2**

Градоначалникот на Општина Крушево склучува Договор со директорот на ЈП „Комуна" Крушево, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1239/6 од 10.12.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 64 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 44 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственот и со стварите во општинска сопстевност („Сл.весник на Р.М." бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Сл.весник на Република Северна Македонија" бр.101/19 и 275/19) и член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на

Општина Крушево на седницата одржана на 10.12.2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**
***за давање на трајно користење на движни ствари на ЈП „Комуна” Крушево***

**Член 1**

Со оваа Одлука се даваат движни ставари во сопственост на Општина Крушево на трајно користење без надомест на ЈП Комуна” Крушево и тоа патничко моторно возило: марка пмв Нисан , број на шасија SJNFAAP11U0078987, отстапено на Општина Крушево со Решение за отстапување на одземен предмет со правосилна Одлука бр.09-2406/2 од 03.05.2018 година.

**Член 2**

Градоначалникот на Општина Крушево склучува Договор со директорот на ЈП „Комуна” Крушево, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1239/7 од 10.12.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 64 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 44 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственот и со стварите во општинска сопстевност („Сл.весник на Р.М.” бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Сл.весник на Република Северна Македонија” бр.101/19 и 275/19) и член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 10.12.2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**
***за давање на трајно користење на движни ствари на ЈП „Комуна” Крушево***

**Член 1**

Со оваа Одлука се даваат движни ставари во сопственост на Општина Крушево на трајно користење без надомест на ЈП Комуна” Крушево и тоа: патничко моторно возило марка “Пежо-106” црвена боја, со регистарски таблички БТ 337 УБ, во возна состојба, регистрирано.

**Член 2**

Градоначалникот на Општина Крушево склучува Договор со директорот на ЈП „Комуна” Крушево, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1239/8 од 10.12.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 34 Закон за јавни патишта ( „Сл .весник на Р.М“ 84/2008 ,52/2009,114/09,124/10,23/11,53/11,44/12,168/12,163/13,187/13,39/14,42/14,166/14, 44/15,116/15, 150/15, 31/16 71/16 и 163/16), член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на Р.М“,бр.5/2002) и член 18 став 1 точка 4 ,член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/ 07,16/14,7/19 и 7/20),Советот на Општината Крушево на седницата одржана на 10.12.2020 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за организирање и функционирање на зимското одржување на улици и општинските патишта на подрачјето на Општина Крушево за сезоната 2020/2021 година**

**1.ОПШТ ДЕЛ**

Со оваа Програма се предвидува организирање и функционирање на зимското одржување на улиците и општинските патишта на подрачјето на Општина Крушево за **сезоната 2020/2021** година.

Програмата има за цел да предвиди активности за ефикасно организирање и функционирање на зимското одржување на улици и општинските патишта на Општина Крушево преку :

- определување на обемот на работите и нивото на чистење на снегот и голомразицата на коловозната површина ;
- дефинирање на работите и обврските на сите учесници одговорни за нејзината реализација ;

- определување на потребната механизација, опрема, материјални и работни сили и определување на потребни финансиски средства.

## 2. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОДГОТВЕНОСТ И ОБВРСКИ НА УЧЕСНИЦИТЕ

Преку организациона поставеност се дефинира обемот на работите и задолженијата на дирекните учесници вклучени во реализација на оваа Програма како и начинот на нивно делување.

Кординирањето на активностите во зимски услови го врши **Кординативно тело** формирано од градоначалникот и составено од претставници на Комисија за урбанизам ,комунални работи и заштита на животна средина на Советот на Општина Крушево, јавната администрација на Општина Крушево, јавното предпријатие „Комуна" Подрачна станица за внатрешни работи и Дирекција за заштита и спасување Крушев

### 2.1 **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРУШЕВО**

Ја усвојува оваа Програма и исто така :

- Обезбедува средства за реализација на програмата со нејзино усвојување;

- Го контролира извршувањето на оваа програма,

### 2.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА ОПШТИНА КРУШЕВО

- Одлучува за вклучување на градежната механизација од градежните претпријатија врз основа на извештаите од избраните и ангажирани учесници во зимското одржување на улиците и општинските патишта;
- Ги кординира активноста на сите задолжени субјекти во извршувањето на задачите од Програмата;
- Преку средствата за јавно информирање, информира за работата на Зимското одржување на улиците и општинските патишта и обврските на учесниците;

### 2.3. Организации вклучени во реализација на Зимското одржување на улиците и општинските патишта во Општина Крушево

- Реализираат дел од Програмата за функционирање на Зимското одржување на улиците и општинските патишта ;
- Склучува Договор со Управа за хидрометереолошки работи за добивање на временски прогнози
- Организира редовни дежурства со потребна опрема и алати, резервни делови и стручен кадар за обезбедување на сопствената механизација за дејствување;
- Одговорните работници на дежурство вршат потребни контакти со сите одговорни субјекти и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани;
- Обезбедува склдирање, растурање и вградување на сол песок и други материјали;
- Ги припремаат возилата и машините и другата потребна механизација и ја доведува во исправна состојба за дејствување во зимски услови и врши тековно одржување;
- Ги оспособува канализацијата и сливниците за прием на поголеми количини вода во зимски услови;
- Обезбедува потребни резервни делови за поправка на механизацијата;
- Со специјални машини ,опрема и работна рака врши посипување на индустриска сол за отстранување на подмрзнатицата од коловозните површини;
- Секојдневно и редовно го информираат организаторот – нарачателот за зимското одржување на улиците и општинските патишта;
- Води целосна документација за Зимското одржување на улиците и општинските патишта;
- Доставува месечен распоред на лица за дежурството со податоци за работна рака и механизација, најдоцна до 25-ти во тековниот месец до Општината Крушево;
- Врши крпење на евентуални дупки на коловозот по барање на нарачателот;
- Изготвува завршен Извештај и истиот го доставува до Советот на Општината.

### 2.4 ГРАДЕЖНА ОПЕРАТИВА

За видот и обемот на вклучувањето на мерханизацијата на градежните предпријатија одлучува и ја ангажира **Кординативното тело на Општина Крушево** .Расчистување на снегот со оваа механизација се врши според плановите за разчистување на сообраќајниците во Општина Крушево.

Целосната документација за учество на градежната оператива ја води ангажираната фирма и кординативно тело преку задолжените лица и тоа за присуство на механизацијата, времето на вклучување,

реализираниот број на работни часови и квалитетот на извршените задачи.

**2.5 НАДЗОРЕН ОРГАН**

Надзорен орган ги врши сл. работи:

- Ја следи работата на извршителите на работите и за тоа изготвува комплетна документација;

- Соработува со Органите и телата на Советот на Општината и другите ,Дирекција за спасување и заштита, Министерство за внатрешни работи на територија и др. учесници , предпријатија , заедници и граѓани;

- Дава налози за работа на фирмите на кои е отстапена работата;

- Врши и други работи и работни задачи во врска со реализација на програмата.

**2.6 Полициска станица Крушево – СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА ПРИ ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ**

Го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатата состојба на сообраќајниците и секогаш ке биде во непосредна врска со сите задолжени субјекти .Во исклучителни случаи кога е загрозена безбедноста и нормалното одвивање на сообраќајот може да даде налог на ангажирани учесници во спроведување на зимското одржување за преземање на активности за оспособување на сообраќајниците или оделни делови (критични точки).Исто така врши отстранување на паркираните возила како би се овозможило чистење на улиците.

**2.7 ЈП,, КОМУНА,, КРУШЕВО**

- Покрај своите редовни активности врши расчистување од снег на пристапите до контејнерите за смет и околу нив;

- Ги разшчистува пешачките зони, тротоарите и пешачките пристапи до објектите кои се од витално значење, а се предвидени со оваа Програма, како и други јавни површини;

- Врши сечење и отстранување на паднати дрва и гранки;

- Го отстранува снегот и пристапните патеки во паркот и спомен обележјата во градот, патеките во гробиштата и други работи поврзани со зимското одржување на улиците и општинските патишта ;

- Обврските на ЈП,,Комуна” Крушево предвидени од оваа точка се покриваат од цената на ѓубретарината ,освен потребите од индустриска сол.

-Контролата врз работата на ЈП,,Комуна” Крушево ја врши општинскиот комунален инспектор.

**2.8 ЕВН Крушево**

- Ги презема потребните мерки за чистење на снег од надворешните електрични инсталации и објекти .

**2.9 МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ**

- Ги презема потребните мерки за чистење на снег од надворешните ТТ уреди, инсталации и телефонски говорници.

**2.10 УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕРЕОЛОШКИ РАБОТИ**

Ги доставува извештаите и прогнозите ( дневни , неделни , месечни) за временски услови до Општината Крушево и другите ангажирани учесници во зимското одржување на улиците и патиштата .

**2.11 ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

Дирекцијата за заштита и спасување на Општина Крушево е непосредно вклучена во работата на зимското одржување, со тоа што ќе ја следи работата на истото преку благовремено информирање.

Во случај на елементарни непогоди на порачјето на Општината Крушево во зимскиот период, кои не ќе можат да се разрешат со организираноста на зимското одржување во оваа Програма, Дирекцијата за заштита и спасување на Општина Крушево прогласува вонредна состојба и во тој случај и непостредно раководи со акциите за отстранување на последците.Во вакви случаи трошоците ке бидат на товар на Општината Крушево или од други извори кои ке ги утврдат надлежните органи.

**2.12 Претпријатија, заедниците и граѓаните сопственици** , односно корисници на деловни згради и деловни простории (Стоковна куќа ,ресторни ,кафани, хотели и нивни паркиралишта, ,продавници, и сл.) преземаат мерки за чистење на снегот и голомразицата пред своите објекти.

**2.13 Граѓани односно сопственици**, преземаат мерки за чистење на снегот од покривите ,терасите при што се води сметка за безбедноста на минувачите , надворешните инсталации и сообраќај .Исчистениот снег се собира пред зградите и

објектите на начин што обезбедува непречен сообраќај.

**2.14** За сите оние кои нема да ги извршуваат потребните работи ќе се постапува според Одлуката за комунален ред.

**3. ОБЕМ НА ОДРЖУВАЊЕ**

Обемот на одржување на улиците во градот зависи од :

- густина на населеност на делови на градот;

- фрекфенција на луѓе и моторни возила .

- сообраќајници и пристапи кон објекти кои се од витално значење за градот

Коловозните површини предвидени за оспособување во зимски услови на ниво на Општина Крушево изнесуват околу **38,6 км** и нивното расчистување се одвива по следниот приоритет:

- **сообраќајници од прв приоритет заедно со пристапи**
- сообраќајници со критични точки и пристапи кон објекти кои се од витално значење за градот
- **сообраќајници од втори приоритет**
- сообраќајници од посебно значење за функционирање на сообраќајот пошироко на територија на општината

**- Општински патишта и сообраќајници низ населени места – рурални населби**

Посипување на голомразица со сол во услови кога нема снежни врнежи се врши по приоритет – сообраќајници од прв приоритет ,сообраќајници од втор приоритет и на општински патишта на територија на Општина Крушево.

Чистењето на сообраќајници и др патишта кои не се предвидени во Оперативната програма ќе се врши само во исклучителни случаеви и со посебен налог на нарачателот.

**4. ДИНАМИКА И НИВО НА ОДРЖУВАЊЕ**

Одржувањето на улиците во зимски услови се врши со ангажирање на :

- механизација
- специјални машини и опрема
- работна сила и
- средства ( сол песок и др )

Оспособување на коловозната површина се врши во зависност од временските услови. Сообраќајниците од прв приоритет ќе бидат оспособени за функционирање за 5 ( пет ) часа , сметано од моментот на престанување на врнежите, на останатите сообраќајници од втор приоритет ќе се врши по оспособувањето на сообраќајниците од прв приоритет.

6. Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во Службен Гласник на Општина Крушево

**Бр.08-1239/9 од 10.12.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-1167/1 од 06.11.2020 година од Димко Колароски од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 10.12.2020 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 8.000,00 (осум илјади)** денари по барање бр.08-1167/1 од 06.11.2020 година од Димко Колароски од Крушево ул.”Нико Доага” бр.83 со ЕМБГ 1603963443005;

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.200000665506419, депонент Стопанска Банка АД Скопје, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.08-1239/10 од 10.12.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска

помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-1229/1 од 01.12.2020 година од Леонида Ѓорѓиески од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 10.12.2020 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 7.000,00 (седум илјади)** денари по барање бр.08-1229/1 од 01.12.2020 година од Леонида Ѓорѓиески од Крушево ул.”Таќа Бербер” бр.9 со ЕМБГ 1309958443018;

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.200000309332992, депонент Стопанска Банка АД Скопје, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
**Бр.08-1239/11 од 10.12.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-1230/1 од 01.12.2020 година од Гоце Рипилоски од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 10.12.2020 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 8.000,00 (осум илјади)** денари по барање бр.08-1230/1 од 01.12.2020 година од Гоце Рипилоски од Крушево ул.”Питу Гули” бр.14 со ЕМБГ 2611957443008;

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.240207007546090, депонент УНИ Банка АД Скопје, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
**Бр.08-1239/12 од 10.12.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре. бр. страна
1. Заклучок за објавување на актите донесени на 60-та седница на Советот на Општина Крушево ............................................ 1
2. Записник од 59-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 11.11.2020 година ................................................ 1
3. Заклучок за усвојување на записникот од 59 та седница на Советот на Општина Крушево ......................................... 3
4. Одлука за кофинансирање на проектот за набавка на специјализирано возило за собирање на смет ..................................3
5. Одлука за констатирање престанок на мандатот на член на Советот на Општина Крушево ............................................. 4
6. Одлука за давање на трајно користење на движни ствари на ЈП “Комуна” Крушево…4
7. Одлука за давање на трајно користење на движни ствари на ЈП “Комуна” Крушево.. 5
8. Одлука за давање на трајно користење на движни ствари на ЈП “Комуна” Крушево…5
9. Програма за организирање и функционирање на зимско одржување на улици и општинските патишта на подрачјето на Општина Крушево за сезоната 2020/2021 година ................................................ 5
10. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Димко Коларoски од Крушево ............................................ 8
11. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Леонида Ѓорѓиески од Крушево ............................................. 9
12. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Гоце Рипилоски од Крушево ......................................... 9

Редакциски одбор на Општина Крушево.